**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 09-6500/1
28-05-2026
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.05/2026 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Раководител на Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, се избира кандидатот **Иван Медарски**.
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 22.05.2026 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.05/2026 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.30-6176/6 од 26.05.2026 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Секретарот на Град Скопје, изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Раководител на Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, шифра УПР0101Б04000, на ниво Б4, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, предложи да се избере кандидатот **Иван Медарски**.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

Изработил : Лидија Поповиќ
Контролирал : Јулијана Китановска
Одобрил: Валентина Ѓоргиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

**Славче Трпески**